ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКО
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
"ОХРИДТУРИСТ"
Бр. 02-610/6
01.06.2016 год.
ОХРИД

# И З В Е Ш Т А Ј
## за работењето на Одборот на директори на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид за период 01.01.2015 год.. до 31.12.2015 година

Согласно член 65 од Статутот на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид управувањето со друштвото е организирано според едностепениот систем со Одбор на директори кој брои пет члена, од кои: четири члена се неизвршни членови, а еден член е извршен член на Одбор на директори.

Постојните членови на Одборот на директори се: Колески Кире-Претседател на Одборот на директори, Чадикоски Ратко, Настески Мате и Петрушев Ѓорги се неизвршни членови на Одбор на директори, а Рахман Џемал е извршен член на Одборот на директори со назив Генерален директор на друштвото.

Неизвршниот член Петрушев Ѓорги е независен член на Одбор на директори.

Во деловната 2015 година Одборот на директори има одржано 6 (шест) состаноци на Одборот на директори на кои се разгледани актуелни состојби на работењето на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид и тоа:

- Седница на Одбор на директори одржана на ден 10.02.2015 година;
- Седница на Одбор на директори одржана на ден 12.02.2015 година;
- Седница на Одбор на директори одржана на ден 06.05.2015 година;
- Седница на Одбор на директори одржана на ден 23.09.2015 година;
- Седница на Одбор на директори одржана на ден 13.11.2015 година;
- Седница на Одбор на директори одржана на ден 23.12.2015 година;

На седниците беа разгледувани прашања кои што се од надлежност од Одбор на директори, актуелни состојби од работењето, наплата на побарувањата на друштвото и информациите за побарувања и обврска изготвени од Извршниот директор на друштвото.

Одборот на директори ги организира редовните годишни пописи и ги усвои извештаите од Централната Пописна Комисија, како и документацијата, Одлуките и Извештаите за работењето во деловната 2014 година кои беа разгледувани на Годишното Собрание на акционери на ден 28.05.2015 година.

Одборот на директори тековно ги разгледуваше пристигнатите барања на вработените во друштвото во врска со прва и обврски по основ на работен однос и благовремено во склад со законските прописи и својата надлежност одлучуваше по барањата на вработените, ги имплементираше со свои одлуки обврските предвидени со законските прописи за исплата на минимална плата, заштита при работа и другите законски решенија кои се однесуваат на правата на вработените од работен однос.

Одборот на директори презеде активности околу отпочнување постапки за реконструкција и адаптација за хотел ,,Палас,, и за деловно и организационо преструктуирање на друштвото. На овој план беа преземени активности преку прибирање на понуди за изведувач за реконструкција и адаптација на хотел ,,Палас,, за да се обезбеди истиот да биде објект со 5 ѕвезди. Овие активности се очекуваат да продолжат и во 2016 година преку носење соодветни одлуки од Одборот на директори и Собранието на акционери на друштвото.

И покрај влошените услови на стопанисување и неможноста за продуктивно ангажирање на вработените во текот на целата година, Одборот на директори не се одлучи на колективно отпуштање и прогласување на технолошки вишоци со цел да се обезбеди материјална и социјална сигурност на вработените во друштвото.

На последната седница на Одборот на директори меѓу другото, Одборот донесе Одлука за организирање на Годишните пописи за 2015 година, донесе Одлуки за формирање на Централна пописна комисија и посебни пописни комисии по објекти и го задолжи Извршниот директор да ги координира активностите во врска со спроведување на годишните пописи.

АД ,,ОХРИДТУРИСТ,,-ОХРИД

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

Претседател,

Колески Кире